Од 5 до 8 февруари 2014 г. се реализираше студиската посета на Северна Ирска, што ја организира МЦМС за претставниците на партнерските организации од проектот„ Од норма до пракса за еднаквост
“, Полио плус, Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заштита од дискриминација.



Целта на студиската посета беше да се разменат искуства и да се воспостави комуникација со  Комисијата за еднаквост за Северна Ирска . Учесниците имаа можност да поминат еден ден со членовите на Комисијата што го искористија за запознавање со главните активности и со нејзината работа. Тие разговараа за воспоставувањето, за улогата и составот на Комисијата, за надлежностите, за промоцијата и заштитата на еднаквоста, особено за заштитата на правата при вработување и работни односи на лицата со хендикеп. На состанокот беа презентирани и конкретни случаи по кои постапувала Комисијата.



Дел од програмата на студиската посета беше и посетата на организацијата  Медијација Северна Ирска
. Освен за работата и постигнувањата на организацијата, учесниците имаа можност да слушнат и за историјата и клучните моменти на конфликтот во Северна Ирска. Потоа беше организирано и разгледување на Белфаст.

Посетата се реализираше во рамки на проектот„Од норма до пракса за еднаквост“ кој спроведува МЦМС во партнерство со Полио плус , Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заштита од дискриминација .
Проектот финансиски е поддржан од програмата Прогрес (2007-2013) на Европската Унија.